# Драган Каранфиловски-Бојс со награда за трајни вредности

НА ШОУТО "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"



*Со неговата песна "100% те љубам", ХХЛ ја претставуваше Македонија на Евросонг во 2000 година.- Драган Каранфиловски-Бојс*

Композиторот на многу поп и детски хитови, Драган Каранфиловски-Бојс, ќе ја добие наградата за трајни вредности на шоуто "Златна бубамара на популарноста", што ќе се одржи на 19 февруари, во Универзалната сала.

Откако објавија дека поради голем интерес за билети, можно е шоуто да се префрли во поголема сала, од радиото "Бубамара" одлучија уште оваа година, 17. шоу по ред да се одржи во старата Универзална, пред изградбата на новата, која ја најавија од Град Скопје.

Во својата солистичка кариера како кантавтор, Драган Каранфиловски-Бојс ги создаде: "Опасно сум вљубен во тебе", "Бели нарциси", "Валерија", "Парижанка"... Своите најголеми успеси, како автор и музичар, ги оствари откако во 1975 година стана член на тогаш култната битолска група "Мадригали", подоцна преименувана во "Трн во око". Од опусот со песни за други пејачи, најпопуларни беа: "Јануарска ноќ" на Зафир Хаџиманов, "На минус 23" на Трајче Манев, "Моја Латина" на Дарио и "Миг 21", "Искро моја" на Игор Џамбазов, "Штипската пастрмајлија" на Питер Џон Босе, "Една игра јас и ти" на Даниел Поповиќ, "Заведи ме" на неговата ќерка Верица Каранфиловска. Со неговата "100% те љубам", ХХЛ ја претставуваше Македонија на Евросонг во 2000 година.

***(М.Џ.)***